ОПШТИНА ТЕАРЦЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ ЗА 2025

Дел Бр. 08- 2350/1
Датум: 19.12.2024
Место: Теарце

Саладин Зеќири
Раководител на одделението за
инспекциски надзор-Виш инспектор

1.Резиме

Годишниот план за работа на одделението за инспекциски надзор за 2025 година, е изработен врз основа на член 33 од Законот за инспекциски надзор („Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), како и Правилникот за содржината и формата на Годишниот план за работа на инспекциска служба („Сл. весник на РСМ" бр.238/19).

Во Годишниот план за работа се презентирани планираните активностите на одделението за инспекциски надзор кои ќе бидат превземени со цел исполнување на законските надлежности за вршење на инспекциски надзор и контрола.

Управувањето со ризик е процес кој ги вклучува различните активности како утврдување, проценка на ризиците, спроведување и проверка на олеснителните или корективните активности, стратешки цели и оперативни цели.

Одделението за инспекциските надзор на Општина Теарце е организациона единица во рамките на администрацијата на Општина Теарце.

Во 2025 година се предвидени 105 инспекциски надзори од кои ќе бидат, редовни 63, контролни 26 и вонредни инспекциски надзори 16.

Инспекторите активно ќе се вклучат и ќе учествуваат на обуки, семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони како и Законот за управна постапка, Законот за прекршоци и Законот за инспекциски надзор.

2. Анализа на ризици

Основна задача на одделението за инспекциски надзор е да ги идентификува субјектите кои при вршењето на дејностите не се придржуваат кон законската регулатива и да преземе мерки за нивно санкционирање и санирање на повредите на законските процедури.
Инспекцискиот надзор се заснова на проценка на ризикот. Според степенот, ризикот може да биде низок, среден и висок во зависност од областа.
При анализа на очекуваната состојба во областа на инспекцискиот надзор во поглед на ризикот за непримену̀вање на прописите од областите за кои се овластени општинските инспектори, се доаѓа до проценка дека веројатноста за настанување на ризикот е мала, односно ризикот се јавува повремено или случајно. Проценката дека веројатноста за настанување на ризикот е мала, односно ризикот се јавува повремено или случајно е базирана на досега извршените инспекциски надзори и донесени/извршени инспекциски управни акти и глоби.
Управувањето со ризици е од исклучителна важност и претставува составен дел од секојдневното работење на инспекторети.

3. Организација и раководење

Одделението за инспекцискиот надзор на Општина Теарце е организациона единица во рамките на администрацијата на Општина Теарце.
Со одделението раковод административни службеници со звање раководител на одделение-Виш инспектор.

Во состав на Одделението, ангажирани се:

- Овластен инспектор за животна средина 1
- Овластен градежен инспектор 1
- Овластен просветен инспектор 1
- Советник за агзгадување на почва и вода 1
- Комунален редар 1

Раководителот на одделението за инспекциски надзор – Виш инспектор, во рамки на своите надлежности и одговорности согласно член 31 од Законот за инспекциски надзор, има за цел да раководи, да ја координира и организира работата на вработените инспектори во одделението.

Раководителот на одделението за инспекциски надзор во општина Теарце, во 2025 година, ќе врши:
-Давање стручна помош и советувања на вработените инспектори во одделението за инспекциски надзор;
-Подготвување и донесување програмски /плански документи и извештаіи.
- Вршење оценување на учинок на сите инспекори од одделението, врз основа на податоците кои се однесуваат на резултатите од нивната работа и личните квалитети што ги покажале во текот на работењето
-Соработување со други одделенија и инспекциски служби од други општини, соработка со Инспекциски совет, со ЗЕЛС, со други работни тела и државно институции

Раководителот-Виш инспектор е и лиценциран инспектор за животна средина и во рамки на своите надлежности врши инспекциски надзори од областа на животна средина.
Освен во областа на животна средина, раководителот врши и заеднички инспекциски надзори со останатите инспектори од одделението,најчесто во областа на комунални дјености и градежни работи.
Заради различните сфери на работа, Годишниот план за работа како и анализата на ризиците и потребните обуки, во текот на 2025 година е планирано е зголемување на бројот на овластени инспектори во одделението. Зголемување на бројот се планира во комуналната инспекција-комунален инспектор.

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање во одделението за инспекциски надзор за 2025 год.

Вид	Инспектор за животна средина						Градежен инспектор						Просветен инспектор						Вкупно инспектори					
Ниво-Звање Возра-ст	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	**Вкупно**
Б1-генерален инспектор																								
Б2 – главен инспектор																								
Б3 – пом. главен инспектор																								
Б4 – виш инспектор				1		1																		1
В1 – советник инспектор															1			1						1
В2 – самостоен инспектор																								
В3 – помошник инспектор																								
В4 – помлад инспектор							1					1												1
Вкупно						**1**						**1**						**1**						**3**

Табела 2. План за нови вработувања и пензионирања на инспектори

Во одделението за инспекциски надзор во текот на 2025 година се планирани да се вработи еден комуален инспектор,нема пензионирања на инспектор.

Вид	Комунален инспектор			Вкупно инспектори		
Ниво-Звање/Возраст	Враб.	Пенз.	Разлика	Враб.	Пенз.	Разлика
Вкупно	1	0	1	1	0	1

4. Инспекциски надзор

4.1 Инспекција за животна средина

Планот за работата на инспекторот за животна средина за 2025 година, ги опфаќа надлежностите на инспекцијата за животна средина утврдени со материјалните законски и подзаконските акти и тоа:
-Закон за инспекциски надзор;
-Закон за инспекциски надзор во животна средина;
-Закон за животна средина;
-Закон за општа управна постапка;
-Законот за постапување по претставки и предлози;
-Законот за прекршоците;
-Закон за управување со отпад;
-Закон за управување со пакување и отпад од пакување;
-Закон за амбиентален воздух;
-Закон за заштита од бучавата во животната средина;
-Закон за води;

Согласно законската легислатива општинскиот Инспекторот за животна средина врши инспекциски надзор во инсталации кои според законот за животна средина треба да поседуваат Б- инегрирана еколошка дозвола, надзор на дејности и активности кои според Законот за животна средина треба да поседуваат Решенија за одобрени елаборати за животна средина, како и инспекциоски надзор на правни и физички лица кои постапуваат спротивно на Законските одредби од областа на животната средина а се во надлежност на инспекторот. Инспекцискиот надзор се врши како редовен надзор (најавен) планиран со годишниот план за работа, вонреден надзор (ненајавен) по поднесени преставки, и контролен надзор на веке спроведен надзор. При овие надзори во зависност од инсталацијата општинскиот инспектор за животна средина врши контрола на влијанието на нивното влијание на животната средина односно воздухот, водите,постапувањето со отпадот и бучавата.
Извршено е планирање на вкупниот број на инспекциски надзори според вид во 2025 година, при што планирани се вкупно 55 инспекциски надзор од кои: 35 редовни надзори, контролни 8 и вонредни надзори 12.

Табела 4. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид за 2025 година за инспекција за животна средина

Ред. Бр.	Регион /Општина	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилности
		Редовен надзор	Вонреден надзор	Контролен надзор		
1	Теарце	35	12	8	55	15

4.2 Градежен инспектор

Планот за работата на градежниот инспекторат за 2025 година, ги опфаќа надлежностите на градежната инспекција утврдени со материјалните законски и подзаконските акти и тоа:

-Закон за инспекциски надзор;
-Закон за градење;
-Закон за општа управна постапка;
-Законот за постапување по претставки и предлози;
-Законот за прекршоците;

Градежниот инспектор врши инспекциски надзори над примената на Законот за градење и прописите донесени врз основа на тој закон.
Инспекцискиот надзор се врши како редовен, контролен и вонреден инспекциски надзор.
Градежниот инспектор врши редовен инспекциски надзор;над работа на правните лица-изведувачи,над изградба на објекти со одобрение,изградба на објект кога во него се врши пренамена на конструктивните елементи како и пренамена од станбен во деловен простор и обратно и др.
Градежниот инспектор врши вонредовен инспекциски надзор по поднесени пријави и иницијативи од државни органи,физички и правни лица,како и во случај на сомневање на инспекторот за сторена повреда на Законот.
Инспекторот треба да врши и контролни инспекциски надзори за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот или вонредниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица.

Табела 3. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид за 2025 година за градежната инспекција

Ред. Бр.	Регион /Општина	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилности
		Редовен надзор	Вонреден надзор	Контролен надзор		
1	Теарце	18	9	5	32	3

4.3 Просветен инспектор

Планот за работата на просветениот инспекторат за 2025 година, ги опфаќа надлежностите на просветна инспекција утврдени со материјалните законски и подзаконските акти и тоа:

-Закон за инспекциски надзор;
-Закон за просветна инспекција;
-Закон за основното образование;
-Закон за општа управна постапка;
-Законот за постапување по претставки и предлози;

Просветни инспектори на општина Теарце врши инспекциски надзор, над правни субјекти од дејноста образование.
Инспекцискиот надзор се однесува на примената на законите и прописите од областа на образованието и опфаќа изрекување на инспекциски мерки и санкции со цел отстранување на утврдените неправилности и остварување и заштита на јавниот интерес и интересот на физичките и правните лица. Инспекцискиот надзор се врши редовен, контролен и вонреден инспекциски надзор.

Со цел доследно спроведување на прописите, општите и посебните акти од областа на образованието, во текот на 2025година, во согласност со овластувањата и надлежностите дадени со Закон, просветниот инспектор ќе врши надзор во основните училишта.

Табела 5. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид за 2025 година за просветна инспекција

Ред. Бр.	Регион /Општина	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилности
		Редовен надзор	Вонреден надзор	Контролен надзор		
1	Теарце	10	5	3	18	2

4.4 Комунален редар

Во изготвувањето на содржината на Годишниот план на комунални редари кој се однесува на 2025 година се наведени надлежностите на комуналниот редар кои се утврдени со:
-Закон за комунални дејности;
-Закон за јавната чистота;
- Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените, кои ќе се донесат во 2025 година а се во надлежност на комуналните редари.
Комуналниот редар ќе врши редовна контрола на терен. Контролата од комуналниот редар ќе се врши над физички лица согласно со Законот за јавната чистота и Законот за комунални дејности.

5. Обука

Инспекторот има право и должност континуирано професионално и стручно да се усовршува и обучува, во согласност со потребите на инспекциската служба во која е вработен. Стручното усовршување ќе се спроведува преку вклучени најмалку три генерички обуки од годишната Програма на Градоначалникот за генерички обуки.
Овластените инспектори ќе земта учество на семинари,работилници, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони, подзаконски акти, ,Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор и нивните измени и дополнувања во тековната 2025
година.

6.Буџет и финансирање

Одделението за инспекциски работи нема сопствен буџет тоа е во склоп на буџетот на општина Теарце и е финасирано од општината.Во буџетот на општината се предвидени сретства само за плата и придонеси.

7. Меѓународна соработка

Одделеието за инспекцики надзор на општина Теарце нема воспоствен меѓунардона соработка и врз основа на тоа меѓународната соработка за 2025 не е планирана, но сепка ќе се обиде да се вклучи во меѓународни проекти со кои би се зајакнала и опремила општинската инспекција за да може соодветно да одговори на модерните предизвици.

8.Други активности на инпекциската служба

Инспекциските служби редовно ќе ја информираат јавноста за утврдените состојби кај субјектите на надзорот, при вршење на инспекцискиот надзор, како и за преземените инспекциски мерки доколку тоа е потребно заради заштита на животот и здравјето на луѓето или имотот или заради потешки нарушувања на јавниот интерес. Инспекциските служби во вршењето на инспекцискиот надзор ќе се базираат врз начелата на законитоста, заштитата на јавниот интерес, еднаквост, непристрасност и објективност кон субјектите на надзорот, одговорност, материјална вистина, јавност како и начелото на самостојност во вршењето на инспекцискиот надзор. Инспекциските служби остваруваат комуникација и со други институции согласно потребите кои произлегуваат од нивната работа на терен.

Доставено до:
-Архива
-Општински инспектори